# Сорос реализам

Овој контроверзен термин означува појава во уметноста на пост-социјалистичка источна Европа во 90-тите години на 20-тиот век. Терминот првпат го употреби Мишко Шуваковиќ, теоретичар на уметноста од Белград, и го дефинираше во текстот Ideologija izložbe: o ideologijama Manifeste во 2002-та година.

Сорос реализам не е реализам во смисла на враќање на сликарството кон параноичниот националистички вид кој е развиен во поголемиот дел од пост-социјалистичките општества во 80-тите и 90-тите години, а не е ни брутална варијанта на социјалистичкиот реализам кој ги поставуваше канонитe на истражување во 30-тите, 40-тите, 50-тите и 60-тите години на Истокот, туку, напротив, е меко и суптилно униформирање и нормирање на постмодерниот плурализам и мултикултурализмот како критериум за просветениот политички либерализам кој треба да го реализираат европските општества на преминот во новиот век.

Конкретната корист од ваквиот пристап е поместувањето од „ограничената“ (сосема елитна) еманципација која ја носи високата уметност и алтернативата на општата општествена еманципација во рамки на дадената локална култура. На пример, теориите на постструктурализмот и вредностите на либерализмот кои имаат карактер на „универзитетски“ или „музејски“, но секако „малцински интелектуален“ дискурс, сега „низ“ уметноста стануваат дискурс, вкус и вредност на „нормалната“ култура на средниот граѓански интелектуален слој што доправа настанува и неговото јавно мислење (doxe). Конкретната слабост на ваквиот пристап кон уметноста е воспоставувањето „просечна прегледност“ која уметничките и естетските цели ги реализира како култура на детерминирани ефекти. Со други зборови, уметноста на младите, маргиналните и на оние во транзиција добија „свој“ подвижен резерват на ветени можности за преживување и реализација.[1]

Терминот Сорос реализам е контроверзен заради следново. Тој всушност се однесува на општествено и политички ангажираната уметност, која настануваше на просторите на поранешна Југославија, во времето на нејзиниот распад, во деведесеттите години на 20-тиот век. Таа ги афирмираше позитивните вредности на демократски уредените општества, како што се еманципацијата, мултикултурализмот, човековите права и слободи. На тој начин, остро ја критикуваше доминантната идеологија на локалниот контекст, односно: наглиот залет на национализмот, кој настана како реакција на пропаѓањето на социјалистичко-комунистичкото уредување и вредносниот систем кој тој го репрезентираше. Заради своите политичко-естетски постулати, уметноста која се однесува на терминот „Сорос реализам“ може да се набљудува како спротивност на националистичката уметност, но и на онаа која, во комунизмот и во социјализмот, настануваше поттикната од државните апарати.

Од друга страна, сите овие уметнички дела и чинови ги поддржуваше фондацијата Сорос, низ своите центри за современа уметност, чија цел беше да се поддржат културно-уметнички проекти кои придонесуваат за креирање социјален амбиент според демократски уреденото капиталистичко општество. Сорос центрите овозможија инфраструктура за професионализација на уметничката сцена, преку продукција на проекти, едукација на уметници и работници во културата. Оваа едукација беше поинаква од онаа што можеше да се добие во државните образовни институции. Сепак, за делата на овие автори да бидат продуцирани и реализирани, беше потребно претходно да се вклопуваат во новопонудената идеолошка макро-рамка. Таа уметност која ја поддржуваа западните организации, на одреден начин се доближува до „државната уметност“ на комунизмот и социјализмот, но и на државната уметност работена со цел да помогне при будењето на националистичките идеи, иако Сорос реализмот на планот на идеологијата што ја пропагира беше позициониран како нејзин антипод. Политичкиот ангажман е различен, но логиката на „нарачување“ иста.

1// Miško Šuvaković, „Ideologija izložbe: o ideologijama Manifeste“ во Platforma SCCA #3, SCCA-Ljubljana, Ljubljana: 2002, http://www.ljudmila.org/scca/platforma3/suvakovic.htm